| | |
|---|---|
| **РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА** | **REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT** |
| **ОСНОВЕН ГРАЃАНСКИ СУД** | **GJYKATA THEMELORE CIVILE SHKUP** |
| ***СУ-07-762/23*** | **Agj *-07-762/23*** |
| ***08.11.2023 година*** | ***viti 08.11.2023*** |
| **СКОПЈЕ** | **SHKUP** |

Врз основа на чл. 43 од Законот за судска служба ( „Сл. Весник на РМ“ бр. 43/14,33/15,98/15,6/16,198/18,248/18 и „Сл. Весник на РСМ“ бр. 235/22) и Предлогот на Комисијата за селекција за унапредување по интерен оглас бр.2/23, за работното место број 3- Судски соработник-категорија В, ниво В-3, шифра СУД0101В03001, заведен под СУ-07-755/23 од 07.11.2023 година, Судскиот администратор на Основниот граѓански суд Скопје, на ден 08.11.2023 година, донесе:

## ОДЛУКА ЗА ИЗБОР ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ

За работното место број 3- Судски соработник- категорија В, ниво В-3, шифра СУД0101В03001, се избираат кандидатите:

- **АЛТИНА АДЕМИ,** Албанка, со вкупен број на освоени бодови 29,35;
- **АДЕМ КАНЗОВСКИ,** Турчин, со вкупен број на освоени бодови 29,35 и
- **НИКОЛА МИХАЈЛОВСКИ,** Македонец, со вкупен број на освоени бодови 29,35.

Решенија за унапредување на избраните кандидати ќе се донесат по правосилноста на оваа одлука.

## О б р а з л о ж е н и е

Основниот граѓански суд Скопје објави интерен оглас бр. 2/2023 за унапредување на 3 (три) извршители на работно место Судски соработник- категорија В, ниво В-3, шифра СУД0101В03001.

По спроведената постапка за селекција за унапредување за работното место број 3- Судски соработник- категорија В, ниво В-3, шифра СУД0101В03001, согласно со Законот за судска служба и Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката за селекција, во зависност од категоријата на работното место за кое е објавен интерниот

оглас (Сл. Весник на РСМ“ бр. 275/20), Комисијата за селекција за унапредување за работното место број 3- Судски соработник- категорија В, ниво В-3, шифра СУД0101В03001, до Судскиот администратор достави Предлог на кандидати за унапредување за работното место број 3- Судски соработник- категорија В, ниво В-3, шифра СУД0101В03001, заведен под СУ-07-755/23 од 07.11.2023 година.

Согласно со означениот Предлог, за работното место број 3- Судски соработник- категорија В, ниво В-3, шифра СУД0101В03001, за извршители се предлагааат кандидатите : Алтина Адеми, Албанка, со вкупен број на освоени бодови 29,35; Адем Канзовски, Турчин, со вкупен број на освоени бодови 29,35 и Никола Михајловски, Македонец, со вкупен број на освоени бодови 29,35.

Согласно со чл. 43 ст.1 од Законот за судска служба, во рок од три дена од добивањето на предлогот, судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не е избран судски администратор е должен да донесе одлука за избор.

Раководејќи се од примената на означената законска одредба, а имајќи го во вид Предлогот на Комисијата за селекција за унапредување по интерен оглас бр.2/23, за работното место број 3- Судски соработник- категорија В, ниво В-3, шифра СУД0101В03001, заведен под СУ-07-755/23 од 07.11.2023 година, Судскиот администратор одлучи како во изреката.

**ОСНОВЕН ГРАЃАНСКИ СУД СКОПЈЕ**
**СУДСКИ АДМИНИСТРАТОР**
**ХРИСТИНА ПАЛЧЕВСКА**

**ПРАВНА ПОУКА:** Незадоволниот судски службеник има право на жалба против оваа одлука преку Основниот граѓански суд Скопје до Советот на судска служба во рок од осум дена од денот на приемот на одлуката.

**ДН:** **Алтина Адеми**

**Адем Канзовски**

**Никола Михајловски**

**Идајете Рамадани**

Филип Јовчевски

Ѓоко Арсов

судска управа

огласна табла на судот

веб страна на судот